ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА КОМУНАЛНА ДЕЈНОСТ
"ДЕБРЦА"
Бр. 02-99/3
25.03.2022 год.
БЕЛЧИШТА

**ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА КОМУНАЛНА ДЕЈНОСТ**
**„ДЕБРЦА"**
ОПШТИНА ДЕБРЦА
Тел/ факс 046/ 286 887
E-mail: komunalecdebrca@hotmail.com

Врз основа на член 16 и 17 од Законот за јавни претпријатија, СЛ.Весник на Р.Македонија бр 3896, 6/2002, 40/2003 и член 15 од Статутот на ЈП за комунална дејност Дебрца, Претседателот на Управниот одбор на ЈП за комунална дејност Дебрца на ден 25.03.2022 година донесе:

# ОДЛУКА

За утврдување на цени за собирање, транспортирање и депонирање на комунален отпад од индивидуални корисници - домаќинства и правни лица

Член 1

Со оваа одлука се утврдува цената на комуналната услуга – собирање, транспортирање и депонирање на комунален отпад од идивидуални кориници – домаќинства и правни лица на територијата на општина Дебрца.

Член 2

Цената на комуналната услуга наведена во член 1 од оваа Одлука е поделена на два дела и тоа на:

1. фиксна месечна цена за домаќинства и мали правни фирми и
2. цена врз основа на количина подигнат отпад според големина на канти или контејнери.

1. Месечни фиксни цени за собирање, транспортирање и депонирање на комунален отпад за домаќинства и правни лица (мали продавници и мали фирми) изнесуваат:

- Цена за собирање, транспортирање и депонирање на комунален отпад за **домаќинства** изнесува 177 денари (+13 ден јавна чистота +5% ДДВ = 200 денари),

- Цена за собирање, транспортирање и депонирање на комунален отпад **за правни лица ( мали продавници и мали фирми)** надоместокот се утврдува месечно и изнесува 322 денари (+30 ден јавна чистота +5% ДДВ = 370 денари).

2. Цени за собирање, транспортирање и депонирање на комунален отпад според количината на подигнат отпад врз основа на испратница (по канти од 120л, 240л и контејнери од 1,1м3) изнесуваат:

- Цена за собирање, транспортирање и депонирање на комунален отпад за правни лица изнесува 160 денари од **канта од 120 л**, (+30 ден јавна чистота +5% ДДВ или = 200 денари),

- Цена за собирање, транспортирање и депонирање на комунален отпад за правни лица изнесува 351 денари од **канта од 240 л**, (+30 ден јавна чистота +5% ДДВ = 400 денари),

- Цена за собирање, транспортирање и депонирање на комунален отпад за правни лица изнесува 551 денари од **контејнер од 1,1м3**. (+30 ден јавна чистота +5% ДДВ = 610 денари).

Член 3

Оваа одлука влегува во сила на денот на донесувањето.

Претседател на Управен одбор
Билјана Стефаноска